

Упатство за ракување

со информации за одржување

Превод на
оригиналните упатства
Fourth Edition
Third Printing
Part No. 145356MK

AWP™ Super Series™

Важно

Прочитајте ги, разберете ги и следете ги безбедносните правила и упатствата за ракување пред да работите со машината. Со машината смеат да ракуваат само обучени и овластени лица. Прирачников треба да се смета за траен дел од машината и треба секогаш да е со неа. Ако имате прашања, јавете се на Genie.

Содржина

Страница

Безбедносни правила 1
Контроли 8
Легенда 9
Проверка пред ракување 10
Одржување 12
Испитувања на функциите 15
Проверка на работното место 18
Упатства за ракување 19
Упатства за полнење на акумулаторот 21
Упатства за превоз 22
Упатства за ракување со навалување назад 25
Етикети 28
Спецификации 32

Контактирајте со нас:

Интернет: http://www.genielift.com
е-пошта: awp.techpub@terex.com

Авторски права © 1996 Terex Corporation

Четврто издание: Трето печатење, јуни 2014

„Genie“ и „AWP“ се регистрирани трговски марки на Terex South Dakota во САД и во многу други земји. „Super Series“ е трговска марка на Terex South Dakota.

CE Усогласено со директивата на ЕК 2006/42/EC
Видете декларација за усогласеност ЕС

♻ Испечатено на рециклирана хартија L

Печатено во САД

Безбедносни правила



Опасност

Непочитување на упатствата и безбедносните правила во прирачников може да предизвика смрт или тешки повреди.

Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

Запознајте се со безбедносните правила и разберете ги пред да поминете на следниот дел.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате упатствата на производителот и безбедносните правила — безбедносните и упатствата за ракување и етикетите на машината.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате безбедносните правила на работодавачот и прописите на работното место.

☑ Сте ги прочитале, разбрале и ги почитувате сите важечки законски прописи.

☑ Правилно сте обучени за безбедно ракување со машината.

☑ Првиот пат кога машинава се поставува за употреба, се инсталира оддишно капаче. Видете во делот Проверка пред ракување.

БЕЗБЕДНОСНИ ПРАВИЛА

Опасности од струен удар

Машинава, дури и со опционална платформа од фиберглас, не е електрично изолирана и не обезбедува заштита од допир или близина на електрична струја.





Бидете подалеку од машината ако е во допир со електрични водови под напон или се наелектризира. Персоналот на тлото или во платформата не смее да ја допира или да работи со машината додека водовите под напон не се исклучат.

Одржувајте безбедно отстојание од електричните водови и апарати согласно важечките законски прописи и следнава табела.

Напон Фаза до фаза	**Минимална безбедна пристапна оддалеченост Метри**
0 до 300 V	Избегнувајте контакт
300 V до 50 KV	3,05
50 KV до 200 KV	4,60
200 KV до 350 KV	6,10
350 KV до 500 KV	7,62
500 KV до 750 KV	10,67
750 KV до 1000 KV	13,72

Оставете простор за движење на платформата, нишање или виснување на електричните водови и движење поради силни ветрови или налети на ветар.

Не користете ја машината како подлога за заварување.

Не користете машина со погон на наизменична струја или полнач за акумулатори на еднонасочна струја ако не користите трижилен заземјен продолжен кабел поврзан со заземјено наизменично струјно коло. Не менувајте ги и не исклучувајте ги трижилните заземјени приклучоци.

Опасности од превртување

Не кревајте ја платформата ако основата не е рамна, ако сите четири конзоли не се правилно инсталирани и ако дигалките за порамнување не се цврсто налегнати на подот.

Не прилагодувајте ги и не вадете ги конзолите додека има некој на платформата или кога е крената.

Не поместувајте ја машината додека е крената платформата.





Не ставајте скали или скелиња во платформата и не потпирајте ги на деловите на машината.

Не ставајте и не закачувајте висечки товари на деловите на машината.

Не превезувајте алати и материјали ако не се рамномерно распоредени и ако лицето на платформата не може безбедно да ракува со нив.

БЕЗБЕДНОСНИ ПРАВИЛА

Не кревајте ја платформата ако машината не е рамна. Не поставувајте ја машината на површина каде што не може да се порамни само со дигалките за порамнување.





Не предизвикувајте хоризонтално или странично оптоварување на машината кревајќи или спуштајќи фиксен или висечки товар.

Не оттурнувајте и не влечете кон предмети надвор од платформата.

Максимална дозволена странична сила
ANSI / CSA
222 N

Максимална дозволена рачна сила
CE / AUS
200 N



Не работете со машината близу ендеци, дупки, тумби, шут, нестабилни или лизгави површини или други можни опасни услови.

Не менувајте и не онеспособувајте компоненти на машината што влијаат на безбедноста и стабилноста.

Не заменувајте делови важни за стабилноста со делови со различна тежина или спецификации. Користете само резервни делови одобрени од Genie.

Не туркајте ја Genie AWP од платформската страна на машината.

Кога ја поместувате машината со виљушкар или друго превозно средство, платформата треба да е целосно спуштена, машината треба да е исклучена и не смее да има никој на платформата.

Не користете ја машината на површина или на возило што се движи.

БЕЗБЕДНОСНИ ПРАВИЛА

Модели ANSI/CSA: Не кревајте ја платформата кога брзината на ветрот може да биде поголема од 12,5 m/s. Ако брзината на ветрот е поголема од 12,5 m/s кога е крената платформата, спуштете ја платформата и прекинете ја работата со машината.

Стандардни основни модели CE/AUS со надворешни конзоли: Не кревајте ја платформата кога брзината на ветрот може да биде поголема од 12,5 m/s. Ако брзината на ветрот е поголема од 12,5 m/s кога е крената платформата, спуштете ја платформата и прекинете ја работата со машината.

Стандардни основни модели CE/AUS со внатрешни конзоли: Само за употреба во затворен простор. Не кревајте ја платформата кога брзината на ветрот може да биде поголема од 0 m/s. Ако брзината на ветрот е поголема од 0 m/s кога е крената платформата, спуштете ја платформата и прекинете ја работата со машината.

Модели CE/AUS со тесна или основа RT: Само за употреба во затворен простор. Не кревајте ја платформата кога брзината на ветрот може да биде поголема од 0 m/s. Ако брзината на ветрот е поголема од 0 m/s кога е крената платформата, спуштете ја платформата и прекинете ја работата со машината.





Не ракувајте со машината при силни ветрови или налети на ветар. Не зголемувајте ја површината на платформата или на товарот. Зголемување на подрачјето изложено на ветар ќе ја намали стабилноста на машината.

Присутните лица, опремата и материјалите не смеат да го надминат максималниот капацитет на платформата.

Максимален капацитет	
AWP-20S	159 kg
AWP-25S	159 kg
AWP-30S	159 kg
AWP-36S	159 kg
AWP-40S	136 kg
Најголем број присутни лица	1 лице

Опасности од пад



Заштитната ограда штити од падови. Ако лицата на платформата треба да носат лична заштитна опрема од падови (PFPE) поради правилата на работното место или на работодавачот, PFPE и нејзината употреба треба да е во согласност со упатствата на производителот на PFPE и важечките законски прописи. Закачете го јажето за активирање на котвата на платформата.

Не седете на заштитната ограда на платформата, не стојте и не качувајте се на неа. Секогаш стојте стабилно на подот на платформата.

Не излегувајте од платформата додека е кренатa. Ако дојде до прекин на напојувањето, персоналот на тлото треба да го активира вентилот за рачно спуштање.

Одржувајте го подот на платформата чист.

Спуштете ја средишната прачка или вратичката за влегување на платформата пред да работите.





Опасности од удар

Операторите треба да ги почитуваат правилата на работодавачот, на местото за работа и законските одредби во врска со користењето лична заштитна опрема.



Проверете го работното подрачје дали има високи пречки или други можни опасности.

Внимавајте на опасности од згмечување кога ја фаќате заштитната ограда на платформата.

Не спуштајте ја платформата ако подрачјето под неа не е без луѓе и пречки.

Бидете разумни и планирајте ја контролата на движењето на машината по стрмнини или блиску до нив.

Држете отстојание од платформата кога се спушта.

Опасност од неправилна употреба

За да се заштитите од неовластена употреба, не оставајте ја машината без надзор со клучот внатре.

Опасност од телесна повреда

Не ракувајте со машина што испушта хидраулично масло или воздух. Испуштање воздух или хидраулично масло може да ја пробие и/или изгори кожата.

Опасност од експлозија и пожар

Не ракувајте со машината и не полнете го акумулаторот на опасни места или места каде што може да се присутни потенцијално запаливи или експлозивни гасови или честички.

Опасности од оштетена машина

Не користете оштетена или неисправна машина.

Внимавајте одржувањето да е извршено како што е определено во овој прирачник и во сервисниот прирачник на Genie AWP Super Series.

Проверете дали сите етикети се на место и читливи.

Проверете дали прирачниците за употреба, безбедност и одговорност се целосни, читливи и во нивната преграда на платформата.

Извршете темелна проверка на машината пред работата и испитајте ги сите функции пред секоја работна смена. Веднаш означете и отстранете од употреба оштетена или неисправна машина.

Не користете ја машината како подлога за заварување.

БЕЗБЕДНОСНИ ПРАВИЛА


Безбедност на акумулаторите и полначот - Модели на еднонасочна струја

Опасности од изгореници

Акумулаторите содржат киселина. Секогаш носете заштитна облека и заштита за очите кога работите со акумулатори.







Избегнувајте истурање или контакт со киселината од акумулаторите. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

Акумулаторот треба да биде исправен.

Опасности од експлозија



Акумулаторите испуштаат експлозивен гас. Не смее да има искри, отворен оган и запален тутун во близина на акумулаторите.

Полнете го акумулаторот во добро проветрено подрачје.

Не откачувајте ги каблите за излез на еднонасочна струја на полначот од акумулаторот кога е вклучен полначот.

Опасности од струен удар



Поврзувајте го полначот само со заземјен приклучок за наизменична струја.

Не изложувајте ги акумулаторите или полначот на вода или дожд.

Пред секоја употреба, проверете дали има оштетувања. Заменувајте ги оштетените компоненти пред да ракувате.

Опасност при кревање

Акумулаторот тежи 40,8 kg. Користете соодветен број луѓе и правилни техники за кревање кога го кревате акумулаторот.

Легенда на етикетите

Етикетите на производите на Genie користат симболи, бои и сигнални зборови за да го идентификуваат следново:



Симбол за безбедносна претпазливост—се користи за предупредување на персоналот за можни опасности од повреди. Почитувајте ги сите безбедносни пораки што се со овој симбол за да избегнете можни повреди или смрт.

⚠DANGER

Црвена—укажува на непосредна опасна ситуација што, ако не се избегне, ќе заврши со смрт или тешка повреда.

⚠WARNING

Портокалова—укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, може да заврши со смрт или тешка повреда.

⚠CAUTION

Жолта со симбол за безбедносна претпазливост—укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, може да предизвика лесна или умерено тешка повреда.

CAUTION


Жолта без симбол за безбедносна претпазливост—укажува на можна опасна ситуација што, ако не се избегне, може да заврши со материјална штета.

NOTICE


Зелена—укажува на информации за ракувањето или одржувањето.

Контроли


Контроли на тлото - Модели на наизменична и еднонасочна струја



Контроли на тлото - Модели на воздух




Контроли на платформата



1 Црвено копче за итно сопирање
2 Прекинувач со клуч
3 Показни светла за поставеноста на конзолите (четири)
4 Показно светло за слаб акумулатор за помошното спуштање
5 Модели на еднонасочна струја: Показно светло за слаб акумулатор
6 Светло за напојување
7 Копче за помошно спуштање на платформата
8 Манометар
9 Копче за активирање на контролата
10 Прекинувач горе/долу

Легенда



1 Алка за кревање
2 Модели на наизменична струја: Осигурувач
3 Отвор за чување на конзолите
4 Осигурувач за држење на рамката за навалување назад во потпорниот отвор
5 Потпора за навалување назад
6 Блокада на вртењето
7 Рамка за навалување назад
8 Држач за сопирање на товарењето
9 Прачка на товарната оска
10 Отвор за виљушкар
11 Копче за прилагодување на подмачкувачот на водовите за воздух
12 Довод на воздух за машината
13 Подмачкувач на водовите за воздух
14 Модели на еднонасочна струја: Акумулатор со полнач
15 Хидрауличен погон
16 Место за влечење со чекрек или заврзување
17 Либела
18 Основа
19 Лизгачка Т-рачка
20 Точка за прицврстување јаже за активирање
21 Излез на наизменична струја
22 Контроли на платформата
23 Преграда за чување на упатството за ракување
24 Вентил за рачно спуштање (под машината)
25 Отвор за конзола на основата
26 Конзола со дигалка за порамнување
27 Осигурувач на конзолата
28 Платформа
29 Средишна пречка или вратичка за влегување на платформата
30 Модели на наизменична струја: Напојување за машината
Модели на еднонасочна струја: Струја за платформата
31 Контроли од тлото
32 Столб

Проверка пред ракување

Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

Запознајте се со проверката пред работа и разберете ја пред да поминете на следниот дел.

3 Секогаш вршете ги испитувањата на функциите пред да ги користите.


4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Оддишно капаче - Модели на наизменична и еднонасочна струја

Ќе дојде до оштетување на компонентите ако со машината се ракува без оддишно капаче. Проверете дали оддишното капаче е на своето место на хидрауличниот резервоар.

AWP-36 и AWP-40: При првото поставување за употреба на овие машини треба да се извади затката на цевката на хидрауличниот резервоар и трајно да се замени со оддишно капаче.



Испорачаното оддишно капаче се наоѓа во плик залепен со лента за столбот кај контролите на платформата.

Основи

Операторот е должен да ги врши проверката пред ракување и рутинското одржување.

Проверката пред ракување е визуелна проверка што ја врши операторот пред секоја работна смена. Проверката е обмислена да се открие дали нешто е очигледно неисправно на машината пред операторот да ги изврши испитувањата на функциите.

Проверката пред ракување служи и за одредување на потребните рутински постапки за одржување. Операторот може да ги врши само рутинските одржувања наведени во прирачников.

Видете ја листата на следната страница и проверете ги сите ставки.

Ако се открие оштетување или неовластена разлика од фабрички испорачаната состојба, машината треба да се означи и да се отстрани од употреба.

Поправките на машината смеат да ја вршат само квалификувани сервисери, согласно спецификациите на производителот. Откако ќе завршат поправките, операторот треба повторно да изврши проверка пред ракување пред да премине на испитувањата на функциите.

Распоредените проверки за одржување ги вршат квалификувани сервисери согласно спецификациите на производителот и барањата наведени во прирачникот за одговорности.

Проверка пред ракување

- ❑ Проверете дали прирачниците за употреба, безбедност и одговорност се целосни, читливи и во нивната преграда на платформата.
- ❑ Проверете дали сите етикети се читливи и на место. Видете во делот Етикети.
- ❑ Проверете да не истекува течност од акумулаторот и дали нивото на течноста е правилно. Додајте дестилирана вода ако е потребно. Видете во делот Одржување.
- ❑ Модели на наизменична и еднонасочна струја: Проверете да не истекува хидраулично масло и дали нивото на маслото е правилно. Додајте масло ако е потребно. Видете во делот Одржување.
- ❑ Модели со основа RT: Проверете дали притисокот на гумите е правилен. Допумпајте ги гумите ако е потребно. Видете во делот Одржување.
- ❑ Модели на воздух: Проверете го нивото на маслото и подмачкувачот на водовите за воздух. Видете во делот Одржување.
- ❑ Модели на воздух: Проверете ја брзината на капење од резервоарот на подмачкувачот. Прилагодете по потреба. Видете во делот Одржување.
- ❑ Модели на воздух: Проверете го воздушниот филтер/резервоарот за регулирање. Исцедете ја водата ако е потребно. Видете во делот Одржување.

Проверете дали следниве компоненти имаат оштетени површини, неправилно инсталирани или делови што недостигаат и неодобрени измени:

- ❑ Електричните компоненти, ожичувањето и електричните кабли
- ❑ Модели на наизменична и еднонасочна струја: Хидрауличниот уред, цревата, спојките и цилиндарот
- ❑ Модели на воздух: Компресорскиот уред, водовите за воздух, спојките и цилиндарот
- ❑ Средишната пречка или вратичката за влегување на платформата
- ❑ Каблите во низа и макарите
- ❑ Синџирите за кревање и преносните тркалца
- ❑ Завртките, навртките и другите прицврстувачи
- ❑ Држачите на столбот и противтегот
- ❑ Оддишното капаче
- ❑ Конзолите, дигалките за порамнување и нагазните подлоги
- ❑ Приспособливите лизгачки подлоги
- ❑ Точките за прицврстување на јажето за прицврстување
- ❑ Тркалцата и сопирачките (ако има)

Проверете ја целата машина дали има:

- ❑ Вдлабнатини или оштетувања
- ❑ Корозија или оксидација
- ❑ Пукнатини на варовите или структурните компоненти

❑ Проверете ги и исчистете ги половите на акумулаторот и сите поврзувања на каблите на акумулаторот.

❑ Проверете дали сите структурни и други важни компоненти се на место и сите соодветни прицврстувачи и осигурувачи се на место и правилно затегнати.

Одржување



Имајте предвид и почитувајте:

- ☑ Операторот смее да ги врши само рутинските одржувања наведени во прирачников.
- ☑ Распоредените проверки за одржување ги вршат квалификувани сервисери согласно спецификациите на производителот и барањата наведени во прирачникот за одговорности.
- ☑ Фрлајте ги материјалите согласно законските прописи.

Легенда на симболите за одржување

НАПОМЕНА Следниве симболи се користат во прирачников како помош да се објасни намената на упатствата. Кога на почетокот на се појавува еден или повеќе симболи, тоа значи следново.



Укажува дека ќе бидат потребни алати за да се изврши постапката.



Укажува дека ќе бидат потребни нови делови за да се изврши постапката.

Проверете го акумулаторот - Модели на еднонасочна струја



Добрата состојба на акумулаторот е многу важна за добри перформанси на машината и за безбедна работа. Неправилни нивоа на течноста или оштетени кабли и поврзувања можат да доведат до оштетување на компонентите и опасни ситуации.

⚠ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Опасност од струен удар. Допирањето жешки или кола под напон може да предизвика смрт или тешки повреди. Извадете ги сите прстени, часовници и друг накит.

⚠ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ Опасност од телесна повреда. Акумулаторите содржат киселина. Избегнувајте истурање или контакт со киселината од акумулаторите. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

НАПОМЕНА Извршете го ова испитување по целосно полнење на акумулаторот.

1 Облечете заштитна облека и заштита за очите.

2 Извадете ги капачињата за воздух на акумулаторот.

3 Проверете го нивото на киселината во акумулаторот. Ако е потребно, дополнете со дестилирана вода на дното на цевката за полнење. Не преполнувајте.

4 Ставете ги капачињата за воздух.

Проверете го нивото на хидрауличното масло



Одржувањето правилно ниво на хидрауличното масло е многу важно за работата на машината. Неправилни нивоа на хидрауличното масло можат да ги оштетат хидрауличните компоненти. Секојдневните проверки овозможуваат да се откријат промени во нивото на маслото што може да укажуваат на проблеми кај хидрауличните системи.

1 Внимавајте платформата да е целосно спуштена.

2 Проверете го страничното окце на хидрауличниот резервоар.

⊙ Резултат: нивото на хидрауличното масло треба да е видливо на средината на окцето. Не преполнувајте.

Спецификации на хидрауличното масло

Тип хидраулично масло	Chevron Rando HD или слично

Проверете го притисокот во гумите - Модели со основа RT



Многу е важно да се одржува правилен притисок во сите пневматици. Неправилно напумпани гуми може да влијаат врз ракувањето со машината.

1 Проверете ја секоја гума со манометар. Напумпајте ако е потребно. Правилниот притисок на воздухот е наведен на гумата.

Проверете го нивото на подмачкувачот на водовите за воздух - Модели на воздух



Одржувањето на правилно ниво на маслото во резервоарот на подмачкувачот е многу важно за безбедна работа и добри перформанси на машината. Неодржувањето правилно ниво на маслото во резервоарот на подмачкувачот може да заврши со небезбедни услови за работа и оштетување на компонентите.

1 Внимавајте платформата да е целосно спуштена.

2 Проверете дали резервоарот на подмачкувачот има правилно ниво на маслото.

⊙ Резултат: нивото на маслото треба да е на 12,7 mm од врвот на резервоарот на подмачкувачот.

3 За да додадете масло, извадете го резервоарот на подмачкувачот од основата и наполнете го со масло. Вратете го резервоарот назад на основата.

Спецификации на маслото

Тип масло	10W моторно масло за возила

ОДРЖУВАЊЕ

Проверете ја брзината на капење на резервоарот на подмачкувачот - Модели на воздух

Одржувањето на правилна брзина на капење во резервоарот на подмачкувачот е многу важно за безбедна работа и добри перформанси на машината. Неодржувањето на правилна брзина на капење може да заврши со оштетување на компоненти на машината.

1 Додека ја кревате платформата, визуелно проверете го окцето на маслото за подмачкување.

⊙ Резултат: треба да се видливи најмногу 1 до 2 капки масло во окцето.

2 За да ја приспособите брзината на капењето, свртете го контролниот вентил за проток на маслото надесно за да го намалите или налево за да го зголемите протокот.

3 Повторувајте ја постапката додека не се постигне правилна брзина на капење на маслото.

Проверете го воздушниот филтер/резервоарот за регулирање - Модели на воздух

Многу е важно да се исцеди водата од воздушниот филтер/резервоарот за регулирање за да се обезбедат добри перформанси на моторот за воздух и работниот век. Резервоар наполнет со вода може да предизвика слаби перформанси на моторот, а подолготрајна употреба во таква состојба може да ги оштети компонентите.

1 Проверете го воздушниот филтер/ резервоарот за регулирање дали има насобрано вода.

2 Ако се гледа вода, разлабавете ја затката за цедење на дното на резервоарот и оставете водата да истече.

3 Затегнете ја затката за цедење.

Распоредено одржување

Одржувањето што се извршува на три месеци, на една година и на две години треба да го прави обучено и квалификувано лице за одржување на машината согласно постапките што се наоѓаат во сервисниот прирачник на машината.

Машините што не се користеле подолго од три месеци треба да ја поминат проверката на три месеци пред да се вратат на работа.

Испитувања на функциите



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете ги испитувањата на функциите пред да ги користите.

Запознајте се со испитувањата на функциите и разберете ги пред да поминете на следниот дел.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи

Испитувањата на функциите се обмислени за да се откријат евентуалните дефекти пред да се работи со машината. Операторот треба да ги следи упатствата чекор по чекор за да ги испита сите функции на машината.

Не смее да се користи неисправна машина. Ако се открие дефект, машината треба да се означи и да се отстрани од употреба. Поправките на машината смеат да ја вршат само квалификувани сервисери, согласно спецификациите на производителот.

Откако ќе завршат поправките, операторот треба да изврши проверка пред ракување и испитувања на функциите пред да се користи машината.

ИСПИТУВАЊА НА ФУНКЦИИТЕ

Испитувања на функциите

Поставување

1 Ставете ја машината на цврста подлога директно под работното подрачје.

2 Поврзете го соодветниот електричен извор:
Модели на еднонасочна струја: Поврзете го акумулаторот.
Модели на наизменична струја: Поврзете со заземјено напојување со наизменична струја од 15 A. Користете трижилен заземјен продолжен кабел со пресек 12 / 3,3 mm^2 не подолг од 13 m.
Модели на воздух: Поврзете го доводот за воздух.


3 Ставете го клучот и свртете го на контрола од платформата.

4 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“ на контролите на тлото.


5 Свртете го за да го ослободите црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата.

⊙ Резултат: модели на наизменична и еднонасочна струја: Треба да светне светлото за напојување.
Модели на воздух: Манометарот треба да покажува 5,5 - 7,8 бари.

6 Изберете конзола и лизнете ја во отворот на основата додека осигурувачот на конзолата не влезе на место. Приспособете ја конзолата за да ја израмните машината и кренете ги тркалцата на основата малку од тлото. Израмнете ја машината користејќи ги само конзолите.





7 Проверете ги показните светла за поставеноста на контролите на тлото. Потврдете дека соодветното светло е запалено.



8 Повторете ја постапката за секоја конзола посебно.

9 Користете ја либелата и приспособувајте ги дигалките за порамнување додека базата на машината не биде рамна.





Испитајте го итното сопирање

10 Притиснете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на тлото во положба „исклучено“.

11 Притиснете го копчето за активирање на контролата и свртете го прекинувачот за горе/долу во насоката на саканото движење.

⊙ Резултат: функцијата за горе/долу не треба да работи.

12 Притиснете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата во положба „исклучено“.

13 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на тлото во положба „вклучено“.

14 Притиснете го копчето за активирање на контролата и свртете го прекинувачот за горе/долу во насоката на саканото движење.

⊙ Резултат: функцијата за горе/долу не треба да работи.

Испитајте ја поставеноста на конзолите

15 Свртете го Свртете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата за да го ослободите. црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата.

⊙ Резултат: функцијата за горе/долу треба да работи.

16 Одвртете една дигалка за порамнување додека не се изгасне соодветното показно светло.

⊙ Резултат: функцијата за горе не треба да работи.

17 Вратете ја дигалката за порамнување на претходната поставка и проверете ја либелата.

18 Повторете ја постапката за секоја конзола.

Испитајте го помошното спуштање на платформата - Модели на наизменична и еднонасочна струја

19 Кренете ја платформата малку.

20 Откачете го напојувањето од машината.

21 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од тлото.

22 Притиснете го копчето за помошно спуштање на платформата на контролите на тлото.

⊙ Резултат: платформата треба да се спушти.

23 Поврзете го напојувањето со машината.

24 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од платформата.

25 Кренете ја платформата малку.

26 Откачете го напојувањето од машината.

27 Притиснете го копчето за активирање на контролата и свртете го прекинувачот за горе/долу во насока надолу.


⊙ Резултат: платформата треба да се спушти.

28 Поврзете го напојувањето со машината.

Испитајте го рачното спуштање

29 Кренете ја платформата малку.

30 Активирајте го вентилот за рачно спуштање што се наоѓа на дното на хидрауличниот цилиндар.



⊙ Резултат: платформата треба да се спушти.

Проверка на работното место



Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

Запознајте се со проверката на работното место и научете ја пред да поминете на следниот дел.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Проверка на работното место

Внимавајте и избегнувајте ги следниве опасни ситуации:

- ендеци или дупки
- тумби, пречки на патот или шут
- стрмнини што ја надминуваат способноста за порамнување на машината
- нестабилни или лизгави површини
- надвиснати пречки и високонапонски водови
- опасни места
- површини несоодветни да ги издржат сите оптоварувања од машината
- ветар и невреме
- присуство на неовластен персонал
- други можни небезбедни услови

Основи

Проверката на работното место помага операторот да утврди дали работното место е погодно за безбедно ракување со машината. Треба да ја изврши операторот пред да ја доведе машината на работното место.

Операторот е должен да ги прочита и запомни опасностите на работното место, па да внимава на нив и да ги избегнува додека ја движи, поставува и работи со машината.

Упатства за ракување

Не ракувајте ако не ги исполнувате следниве барања:

☑ Сте ги учеле и вежбале принципите за безбедно ракување со машината содржани во ова упатство.

1 Избегнувајте опасни ситуации.

2 Секогаш вршете проверка пред работата.

3 Секогаш вршете испитувања на функциите пред да ги користите.

4 Проверете го работното место.

5 Користете ја машината само за нејзината намена.

Основи

Делот Упатства за ракување содржи упатства за секој аспект на ракувањето со машината. Операторот е должен да ги почитува сите безбедносни правила и упатства од прирачниците за употреба, безбедност и одговорност.

Користењето на машината за други намени освен кревање персонал со алатите и материјалите до високо работно место е небезбедно и опасно.

Ако машината треба да ја користат повеќе оператори во различно време во иста смена, од сите се очекува да ги почитуваат сите безбедносни правила и упатства од прирачникот за ракување. Тоа значи дека секој оператор треба да изврши проверка пред ракувањето, испитувања на функциите и проверка на работното место пред да ја користи машината.

Поставување


1 Ставете ја машината на цврста подлога директно под работното подрачје.


2 Поврзете го соодветниот електричен извор:
Модели на еднонасочна струја: Поврзете го акумулаторот.
Модели на наизменична струја: Поврзете со заземјено напојување со наизменична струја од 15 A. Користете трижилен заземјен продолжен кабел со пресек 12 / 3,3 mm^2 не подолг од 13 m.
Модели на воздух: Поврзете го доводот за воздух.

3 Ставете го клучот и свртете го на контрола од платформата.

4 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на тлото и свртете го за да го ослободите црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата. Внимавајте копчето за напојување да свети и манометарот да покажува 5,5 - 7,8 бари.


5 Инсталирајте ги конзолите и приспособете ги за да ја порамните машината и кренете ги тркалцата на основата малку од тлото.





6 Внимавајте сите четири показни светла на контролите на тлото да светат и сите четири конзоли да се цврсто на тлото.

7 Користете ја либелата за да проверите дали машината е рамна.



Напомена: Ако е потребно приспособување, проверете ги либелата и показните светла уште еднаш за да проверите дали машината е рамна и дали светат сите четири показни светла.

УПАТСТВА ЗА РАКУВАЊЕ

Итно сопирање

Притиснете го црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата или на контролите на тлото за да ја прекинете функцијата нагоре.


Кревање и спуштање на платформата

1 Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“ на контролите на тлото. Свртете го за да го ослободите црвеното копче за итно сопирање на контролите на платформата.

2 Притиснете го копчето за активирање на контролата и свртете го прекинувачот за горе/долу во саканата насока за движење.

Рачно спуштање

1 Активирајте го вентилот за рачно спуштање што се наоѓа на дното на хидрауличниот цилиндар.



Помошно спуштање на платформата - Модели на наизменична и еднонасочна струја

1 Свртете го прекинувачот со клуч на контрола од тлото. Извлечете го црвеното копче за итно сопирање во положба „вклучено“.

2 Активирајте го копчето за помошно спуштање на платформата на контролите на тлото.

Заштита од пад

Не е потребна лична опрема за заштита од пад (PFPE) при ракување со машинава. Ако е потребна PFPE според правилата на работното место или работодавачот, важи следново:

Сета PFPE треба да е усогласена со важечките законски прописи и мора да се провери и користи согласно со упатствата на производителот.

По секоја употреба

1 Изберете безбедно место за оставање—цврста рамна површина заштитена од временските услови и без пречки и сообраќај.

2 Затегнете ги сопирачките на тркалцата (ако има) или ставете клинови под тркалата за да спречите тркалање на машината.

3 Извадете го клучот за да спречите неовластена употреба.

4 Модели на еднонасочна струја: Наполнете го акумулаторот.

Упатства за полнење на акумулаторот



Упатства за акумулаторот и полначот

Имајте предвид и почитувајте:

- ☑ Не користете надворешен полнач или помошен акумулатор.
- ☑ Полнете го акумулаторот во добро проветрено подрачје.
- ☑ Користите правилен наизменичен напон за полнење, како што е наведено на полначот.
- ☑ Користете само акумулатори и полначи одобрени од Genie.

За да го смените акумулаторот

1 Отворете го капакот на куќиштето на акумулаторот за да дојдете до него.

2 Извадете ги капачињата за воздух на акумулаторот и проверете го нивото на киселината во него. Ако е потребно, додајте дестилирана вода само колку да се покријат плочите. Не преполнувајте пред циклусот за полнење.

3 Вратете ги капачињата за воздух.

4 Внимавајте излезниот кабел за еднонасочна струја да е правилно поврзан со акумулаторот.
Црна со минусот, црвена со плусот.

5 Поврзете го полначот на акумулаторот со заземјен приклучок за наизменична струја.

6 Полначот ќе се исклучи автоматски кога акумулаторот е сосема наполнет.

7 Проверете го нивото на киселината кога ќе заврши полнењето. Дополнете со дестилирана вода од дното на цевката за полнење. Не преполнувајте.

Упатства за дополнување и полнење на сувите акумулатори

1 Извадете ги капачињата за воздух и отстранете ги пластичните заптивки од отворите за воздух на акумулаторот.

2 Наполнете ја секоја ќелија со акумулаторска киселина (електролит) до ниво доволно да ги покрие плочите.

Не полнете до максималното ниво додека не заврши полнењето на акумулаторот. Ако преполните, киселината може да претече за време на полнењето. Неутрализирајте ја истурената киселина со сода бикарбона и вода.

3 Ставете ги капачињата за воздух.

4 Полнете го акумулаторот.

5 Проверете го нивото на киселината кога ќе заврши полнењето. Дополнете со дестилирана вода од дното на цевката за полнење. Не преполнувајте.

Упатства за превоз



Упатства за превоз

Имајте предвид и почитувајте:

- ☑ Внимавајте капацитетот на превозното возило и површините за товарење да се доволни за да ја издржат тежината на машината. Видете на налепницата со податоци за тежината на машината. Задните страници за товарење на некои камиони не се доволно силни за да ја држат тежината на машината и може да биде потребно зајакнување.
- ☑ Не товарете ја машината на превозно возило ако не е паркирано на рамна површина.
- ☑ Превозното возило треба да е прицврстено за да се спречи тркалање додека се товари машината.
- ☑ Машината треба да е безбедно прицврстена на превозното возило. Користете синџири или ленти со доволен капацитет за оптоварување.
- ☑ Внимавајте да ги блокирате двете вртливи тркалца на рамката за навалување назад.
- ☑ Не превезувајте ја машината потпрена на рамката за навалување назад.

Упатства за кревање

Бројот на луѓе што се потребни за товарање и истоварање на машината зависи од бројни фактори, меѓу кои и:

- физичката подготвеност, сила и состојба или претходни повреди на ангажираните лица
- вертикалното и хоризонталното растојание за кое треба да се помести машината
- колку пати машината ќе се натовари или истовари
- ставот, позата и фатот што го користат ангажираните лица
- техниката за кревање што се користи
- условите на местото и времето на кое се врши активноста (на пр., лизгаво, замрзнато, дождливо)

Треба да се користат соодветен број луѓе и правилни техники за кревање за да се спречат физички повреди.

Товарење за превоз

1 Спуштете ја платформата целосно.


2 Притиснете ги црвените копчиња за итно сопирање, свртете го прекинувачот со клуч во положба „исклучено“ и извадете го клучот.

3 Извадете ги конзолите од основата и ставете ги во отворите за чување.

4 Модели на еднонасочна струја: Откачете го кабелот на акумулаторот и извадете го акумулаторот.


5 Проверете ја целата машина да нема лабави или неприцврстени предмети.

6 Лизнете го држачот за сопирање во горната заглавена положба.



a држач за сопирање
b товарна оска

Сите модели без рамка за навалување назад




a држач за сопирање
b товарна оска

Сите модели со рамка за навалување назад

7 Закачете ја товарната оска за држачот за сопирање.

8 Поставете ја машината до површината за товарење. Спуштете го и заглавете го држачот за сопирање на најниската положба на осигурувачот над површината за товарење.




9 Сите модели со рамка за навалување назад:

Внимавајте двата осигурувачи на држачот за сопирање да се целосно заглавени.

Внимавајте двете вртливи тркалца на рамката за навалување назад да се блокирани.


10 Влечете ја Т-рачката додека осигурувачот не влезе на место.

11 Кренете ја Т-рачката за да ја навалите машината на површината за товарење. Користете соодветен број луѓе и правилни техники за кревање.



12 Внимателно турнете ја машината до положбата за превоз.

13 Вратете ја лизгачката Т-рачка во положбата за чување.



14 Прицврстете ги основата на машината и столбот за превозното возило. Видете во Прицврстување на машината на следната страница.

15 Машината се истовара со обратна постапка.


УПАТСТВА ЗА ПРЕВОЗ


Прицврстување на машината

Користете синџири или ленти со доволен капацитет за оптоварување.

Користете најмалку 2 синџира.

Приспособете ја заврзаноста за да не дојде до оштетување на синџирите.





Влечење на машината со чекрек на камион со платформа

1 Спуштете ја платформата целосно.

2 Притиснете ги црвените копчиња за итно сопирање, свртете го прекинувачот со клуч во положба „исклучено“ и извадете го клучот.

3 Извадете ги конзолите од основата и ставете ги во отворите за чување.

4 Проверете ја целата машина да нема лабави или неприцврстени предмети.

5 Поврзете го кабелот со точката за влечење со чекрек што се наоѓа од задниот дел на основата.

6 Внимателно влечете ја машината на камионот.

7 Прицврстете ја основата на машината за превозното возило. Видете во Прицврстување на машината.


Товарење на машината со кран

Користете ја алката за кревање од задната страна на столбот.

Акумулаторот треба да се отстрани пред да се крева машината со кран. Откачете го кабелот на акумулаторот пред да го вадите акумулаторот.

Проверете ја машината и отстранете ги лабавите или неприцврстените предмети.

Секогаш ставајте ја куката за кревање низ алката за кревање да биде свртена од машината.



Упатства за ракување со навалување назад


Упатства за ракување со навалување назад

Имајте предвид и почитувајте:

- ☑ Осигурувачот треба да е вметнат за да се спречи паѓање на рамката за навалување назад со пружина.
- ☑ Не навалувајте ја машината назад ако подрачјето не е расчистено од луѓе и пречки.
- ☑ Не стојте зад или под рамката за навалување назад кога ја кревате или спуштате.

Рамка за навалување назад

Genie AWP Super Series има рамка за навалување назад што овозможува машината да помине низ стандардна врата. Рамката за навалување назад е стандардна опрема кај моделите AWP-36S и 40S со стандардна основа и опционална кај моделите AWP-15S, 20S, 25S и 30S со стандардна основа. Рамката за навалување назад не е достапна за машините со тесна основа или со основа за груб терен.



Упатства за кревање

Бројот на луѓе што се потребни за товарање и истоварање на машината зависи од бројни фактори, меѓу кои и:

- физичката подготвеност, сила и состојба или претходни повреди на ангажираните лица
- вертикалното и хоризонталното растојание за кои треба да се помести машината
- колку пати машината ќе се натовари или истовари
- ставот, позата и фатот што ги користат ангажираните лица
- техниката за кревање што се користи
- условите и времето на местото каде што се врши активноста (на пр., лизгаво, замрзнато, дождливо)

Треба да се користат соодветен број луѓе и правилни техники за кревање за да се спречат физички повреди.

УПАТСТВА ЗА РАКУВАЊЕ СО НАВАЛУВАЊЕ НАЗАД


Спуштање на комплетот за навалување назад

1 Внимавајте подрачјето зад машината и под рамката за навалување назад да е расчистено од луѓе и пречки.


2 Спуштете ја платформата целосно.


3 Извадете ги конзолите од основата и ставете ги во отворите за чување.

Рамката за навалување назад има пружина и испаѓа веднаш кога ќе се извади осигурувачот што ја држи. Држете ја цврсто рамката за навалување назад и извадете го осигурувачот.



4 Спуштете ја рамката за навалување назад и вметнете ја потпората за навалување назад во потпорниот отвор.







5 Вметнете го осигурувачот за држење во потпорниот отвор.


Навалување на машината назад

1 Влечете ја Т-рачката додека осигурувачот не влезе на место.



2 Кренете ја машината со Т-рачката до средно навалена положба—тркалцата на рамката за навалување назад се во допир со подот и машината ја држи издолжената потпора за навалување. Користете соодветен број луѓе и правилни техники за кревање.






3 Продолжете да кревате додека телескопската потпора за навалување не се собере целосно.

4 Вратете ја лизгачката Т-рачка во положбата за чување.

Враќање на машината во исправена положба

1 Внимавајте подрачјето под основата на машината и Т-рачката да е расчистено од луѓе и пречки.

2 Влечете ја Т-рачката додека осигурувачот не влезе на место.




3 Внимателно влечете ја Т-рачката надолу додека машината не дојде во средно навалена положба.


4 Спуштајте ја машината со Т-рачката додека тркалцата на основата не дојдат во допир со тлото. Користете соодветен број луѓе и правилни техники за кревање.

5 Вратете ја лизгачката Т-рачка во положбата за чување.


Чување на комплетот за навалување назад

1 Извадете го осигурувачот за држење.





2 Цврсто фатете ја рамката за навалување назад и извадете ја потпората за навалување од потпорниот отвор.



3 Кренете ја рамката за навалување назад, држете ја во исправена положба наспроти пружината и прицврстете ја со осигурувачот за држење.


Етикети

Проверка за етикети со зборови

Одредете дали етикетите на машината имаат зборови или симболи. Користете соодветна проверка за да проверите дали сите етикети се читливи и на место.


Part No.	Description	Quantity
27838	Warning - Tilt-back Hazards/Instructions	1
27839	Label - Sliding T-handle	1
27840	Label - Retaining Pin	1
27841	Label - Stop Bracket	1
27842	Label - Loading Pivot	1
27843	Label - Tilt-back Strut	1
27844	Label - Strut Socket	1
27857	Caution - Pipe Plug	1
27863	Warning - Collision Hazard	3
27864	Notice - Lower Stop Bracket Before . . .	1
27865	Label - Bubble Level	1
27867	Label - Swivel Lock	1
27868	Danger - Relief Valve	1
27872	Danger - Tip-over Hazard, Outriggers	1
27873	Notice - Maintain Firm Grasp	1
27874	Label - Insert Retaining Pin	1
28174	Label - Power to Platform, 230V	2
28235	Label - Power to Platform, 115V	2
28372	Caution - Quick Disconnect	1
31070	Danger - Tip-over Hazard, Moving	1
31071	Warning - Failure to Read	1
31245	Warning - Collision Hazard	1
37141	Notice - Manual Lowering Instructions	1
37142	Notice - Operating Instructions	1
37143	Notice - Max Capacity 300 lbs / 136 kg AWP-40S	1
37144	Notice - Max Capacity 350 lbs / 159 kg AWP-20S, 25S, 30S, 36S	1
37145	Label - Manual Lowering Valve	1
38122	Label - Manual Storage Container	1
38142	Label - Circuit Breaker, AC models	1
40434	Label - Lanyard Anchorage Point	1
41266	Label - Interlock Display, Air Models, Standard Base	1
41268	Label - Interlock Display, Air Models, Narrow Base and Rough Terrain Base	1
52996	Cosmetic - Genie Logo	1
52999	Cosmetic - AWP-20S	2
62992	Cosmetic - AWP-25S	2
62993	Cosmetic - AWP-30S	2
62994	Cosmetic - AWP-36S	2
62995	Cosmetic - AWP-40S	2
72086	Label - Lifting Eye	1
82366	Label - Chevron Rando	1
82780	Label - Interlock Display	1
82781	Label - Interlock Display	1
82802	Label - Function Enable	1
82907	Danger - Battery Charger Safety	1
82975	Danger - Collision Hazard	1
82986	Danger - Electrocution Hazard	1
97522	Label - Wheel Load	4
97523	Label - Outrigger Load	4
114008	Notice - Max Side Force 50 lbs / 222 N, ANSI/CSA	1
114009	Notice - Max Manual Force 45 lbs / 200 N, AUS	1
114011	Danger - General Safety	1

ЕТИКЕТИ




Note: Platform decals may be in different locations on optional fiberglass basket.

Models with Tilt-back Frame



Models without Tilt-back Frame



ЕТИКЕТИ


Проверка за етикети со симболи

Одредете дали етикетите на машината имаат зборови или симболи. Користете соодветна проверка за да проверите дали сите етикети се читливи и на место.

Дел бр.	Опис	Количество
28174	Ознака – Струја за платформа, 230 V	2
28235	Ознака – Струја за платформа, 115 V	2
40434	Ознака – Точка за прицврстување јаже за активирање	1
52996	Украсна – Лого на Genie	1
52999	Украсна – AWP-20S	2
62992	Украсна – AWP-25S	2
62993	Украсна – AWP-30S	2
62994	Украсна – AWP-36S	2
62995	Украсна – AWP-40S	2
82481	Опасност – Безбедност на полначот на акумулаторот	1
82487	Ознака – Прочитајте го прирачникот	1
82614	Внимание – Опасност од удар	1
82780	Ознака – Показни светла	1
82781	Ознака – Показни светла	1
82802	Ознака – Вклучување функција	1
82913	Опасност – Макс. капацитет, 159 kg AWP-20S, 25S, 30S, 36S	1
82914	Опасност – Макс. капацитет, 136 kg AWP-40S	1
82915	Ознака – Вентил за рачно спуштање	1
82916	Опасност – Максимална рачна сила 200 N, CE	1

Дел бр.	Опис	Количество
82973	Предупредување – Вметнете осигурувач	1
82974	Предупредување – Опасност од удар	1
82976	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 51 cm	4
82977	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 66 cm	4
82978	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 77 cm	4
82979	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 91 cm	4
82980	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 1,02 m	4
82984	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 2,16 m	4
82987	Опасност – Опасност од струен удар	1
82988	Ознака – Прочитајте го прирачникот, Рамка за навалување назад	1
97522	Label – Оптовареност на тркалото	4
97523	Label – Оптовареност на конзолата	4
97815	Ознака – Спуштање средишна прачка	1
114010	Опасност – Максимална странична сила 222 N, ANSI	1
1257853	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 1,91 m	4
1257854	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 1,52 m	4
1260610	Опасност – Брзина на ветрот, конзола 1,17 m	4


ЕТИКЕТИ




Напомена: Етикетите на платформата може да се на различни места на опционалната корпа од фиберглас.

* 82976 или 82977 или 82978 или 82979 или 82980 или 1260610 или 1257854 или 1257853 или 82984

Модели со рамка за навалување назад



Модели без рамка за навалување назад



Спецификации

Спецификации на машината	
Висина, макс. работна	
AWP-20S	8,0 m
AWP-25S	9,4 m
AWP-30S	10,8 m
AWP-36S	12,9 m
AWP-40S	4,1 m
Висина, макс. на платформа	
AWP-20S	6,1 m
AWP-25S	7,6 m
AWP-30S	9,0 m
AWP-36S	11,1 m
AWP-40S	12,3 m
Висина, склопена	
AWP-20S, 25S, 30S	2,0 m
AWP-36S, 40S	2,8 m
Ширина	
Стандардна основа	73,6 m
Тесна основа	55,8 cm
Основа за груб терен	75 cm
Должина, AWP-20S, 25S, 30S	
Стандардна основа	1,2 m
Тесна основа	75 cm
Основа за груб терен	1,5 m
Должина, AWP-36S, 40S	
Стандардна основа	1,4 m
Тежина	Видете на налепницата со податоци
Оптовареност на тркалата, макс.	231 kg
Оптовареност на конзолите, макс.	181 kg

Капацитет за кревање	
AWP-20S, 25S, 30S, 36S	159 kg
AWP-40S	136 kg
Извор на струја	
Модел на еднонасочна струја	12 V
Модел на наизменична струја	110 V или 220 V
Мотор за воздух	6,9 бари при 37.760 cc/sec
Температура на околината при работа	-29°C до 57°C

Нивоа на бучава	
Ниво на притисокот на звукот на работната станица на тлото	< 70 dBA
Ниво на притисокот на звукот на работната станица на платформата	< 70 dBA

Вкупната вредност на вибрациите на коишто се подложени рацете не надминува 2,5 m/s^2.

Највисоката вредност на квадратниот просек на измереното забрзување на кое е изложено целото тело не надминува 0,5 m/s^2.

Димензии на платформата (должина x ширина x висина)	
Стандардна платформа со вратичка или лизгачка средишна прачка	69 cm x 66 cm x 1,1 m
Ултра-тесна платформа со вратичка	56 cm x 46 cm x 1,1 m
Тесна платформа со вратичка	66 cm x 51 cm x 1,1 m
Стандардна платформа од фиберглас	74 cm x 67 cm x 1,1 m
Тесна платформа од фиберглас	66 cm x 56 cm x 1,1 m
Тесна платформа со вратичка и влегување	51 cm x 66 cm x 1,1 m
Екстра голема платформа со влез напред и отстрана	76 cm x 71 cm x 1,1 m

Genie има политика на постојано подобрување на производите. Спецификациите на производите се подложни на промени без известување или обврски.

СПЕЦИФИКАЦИИ

Спецификации на конзолите Стандардна основа	AWP-20S	AWP-25S	AWP-30S
Допирна површина на конзолите (д x ш) ANSI / CSA	1,5 x 1,3 m	1,5 x 1,3 m	1,8 x 1,6 m
Допирна површина на конзолите (д x ш) CE / AUS внатре	1,5 x 1,3 m	1,8 x 1,6 m	1,9 x 1,7 m
Допирна површина на конзолите (д x ш) CE / AUS надвор	2,1 x 1,9 m	2,3 x 2,1 m	3,0 x 2,8 m
Пристап до агли/пристап до ѕидови* ANSI / CSA	36,9 / 7,4 cm	35,1 / 7,4 cm	46,6 / 11,9 cm
Пристап до агли/пристап до ѕидови* CE / AUS внатре	36,9 / 7,4 cm	48,6 / 18,2 cm	56,5 / 20,3 cm
Пристап до агли/пристап до ѕидови* CE / AUS надвор	76 / 42,4 cm	82,5 / 43,4 cm	1,3 m / 73 cm

* Од аголот на горната пречка на платформата до аголот на ѕидот со можност за вртење на дигалката за порамнување.

Спецификации на конзолите Стандардна основа	AWP-36S	AWP-40S
Допирна површина на конзолите (д x ш) ANSI / CSA	2,1 x 1,9 m	2,3 x 2,0 m
Допирна површина на конзолите (д x ш) CE / AUS внатре	2,1 x 1,9 m	2,3 x 2,0 m
Допирна површина на конзолите (д x ш) CE / AUS надвор	3,5 x 3,3 m	3,9 x 3,7 m
Пристап до агли/пристап до ѕидови* ANSI / CSA	72,7 / 36,2 cm	79,4 / 37,1 cm
Пристап до агли/пристап до ѕидови* CE / AUS внатре	72,7 / 36,2 cm	79,4 / 37,1 cm
Пристап до агли/пристап до ѕидови* CE / AUS надвор	1,3 m / 79,3 cm	1,3 m / 73 cm

* Од аголот на горната пречка на платформата до аголот на ѕидот со можност за вртење на дигалката за порамнување.

СПЕЦИФИКАЦИИ

Спецификации на конзолите Тесна основа / Основа за груб терен	**AWP-20S**	**AWP-25S**	**AWP-30S**
Допирна површина на конзолите (д x ш) ANSI / CSA	1,6 x 1,2 m	1,6 x 1,2 m	1,8 x 1,5 m
Допирна површина на конзолите (д x ш) CE / AUS само за употреба внатре	1,8 x 1,5 m	1,8 x 1,5 m	1,9 x 1,6 m
Машините CE / AUS со тесна основа или основа за груб терен се само за употреба во затворен простор, дури и со подолги конзоли.			
Пристап до агли/пристап до sидови* ANSI / CSA	36,2 / 21,6 cm	33 / 15,2 cm	47 / 18,4 cm
Пристап до агли/пристап до sидови* CE / AUS внатре	53,3 / 31,1 cm	49,5 / 24,7 cm	55,8 / 22,8 cm
* Од аголот на горната пречка на платформата до аголот на sидот со можност за вртење на дигалката за порамнување.			